**2016221025**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.2016 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2016/1755 НА СОВЕТОТ ОД 30 СЕПТЕМВРИ 2016 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКА (ЗНБП) 2015/1333 ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ВО ОДНОС НА СОСТОЈБАТА ВО ЛИБИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2016/1755 на Советот од 30 септември 2016 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки,
- забрана за влез во Република Македонија.

Член 3

Се определуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање и Министерството за надворешни работи, за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 од оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката (ЗНБП) 2016/1755 на Советот од 30 септември 2016 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

Член 6

Одлуката (ЗНБП) 2016/1755 на Советот од 30 септември 2016 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивните мерки кон Либија ќе се применуваат до 2 април 2017 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8927/1
21 декември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

1.10.2016 EN Official Journal of the European Union L 268/85

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2016/1755

## of 30 September 2016

## amending Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 31 July 2015 the Council adopted Decision (CFSP) 2015/1333 (1).

(2) On 31 March 2016 the Council adopted Decision (CFSP) 2016/478 (2) adding three persons for a period of 6 months to the list of persons subject to restrictive measures as set out in Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333.

(3) In view of the gravity of the situation the Council has decided that the restrictive measures should be maintained for a further period of 6 months and that the reasons for three persons should be amended.

(4) Decision (CFSP) 2015/1333 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Decision (CFSP) 2015/1333 is amended as follows:

(1) in Article 17, paragraphs 3 and 4 are replaced by the following:

'3. The measures referred to in Article 8(2) shall apply with regard to entry numbers 16, 17 and 18 in Annex II until 2 April 2017.

4. The measures referred to in Article 9(2) shall apply with regard to entry numbers 21, 22 and 23 in Annex IV until 2 April 2017.';

(2) Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333 are amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 30 September 2016.

*For the Council*

*The President*

M. LAJČÁK

(1) Council Decision (CFSP) 2015/1333 of 31 July 2015 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya, and repealing Decision 2011/137/CFSP (OJ L 206, 1.8.2015, p. 34).

(2) Council Decision (CFSP) 2016/478 of 31 March 2016 amending Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya (OJ L 85, 1.4.2016, p. 48).

L 268/86 EN Official Journal of the European Union 1.10.2016

*ANNEX*

The entries concerning the persons listed below, as set out in Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333, are replaced by the following entries:

*'ANNEX II*

**LIST OF PERSONS AND ENTITIES REFERRED TO IN ARTICLE 8(2)**

A. Persons

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 16. | SALEH ISSA GWAIDER, Agila | d.o.b. 1 June 1942<br><br>Place of birth: Elgubba, Libya.<br><br>Passport: D001001 (Libya), issued 22 January 2015. | Agila Saleh has been the President of the Libyan House of Representatives since 5 August 2014.<br><br>On 17 December 2015 Saleh stated his opposition to the Libya Political Agreement signed on 17 December 2015.<br><br>As the President of the Council of Deputies, Saleh has obstructed and undermined the Libyan political transition, including by refusing several times to call a vote on the Government of National Accord ("GNA").<br><br>On 23 August 2016, Saleh addressed a letter to the Secretary-General of the United Nations, in which he criticised the United Nations' support to the GNA which he described as the imposition "of a group of individuals on the Libyan people (...) in breach of the Constitution and the United Nations Charter". He criticised the adoption of United Nations Security Council Resolution 2259(2015) which endorsed the Skhirat Agreement, and he threatened to bring the United Nations, which he holds responsible for "unconditional and unjustified" support to an incomplete Presidency Council, as well as the UN Secretary-General, before the International Criminal Court for violating the UN Charter, the Libyan Constitution and the sovereignty of Libya. Those statements undermine the support for mediation by the UN and the UN Support Mission in Libya (UNSMIL), as expressed by all relevant UN Security Council Resolutions, notably Resolution 2259(2015).<br><br>On 6 September 2016, Saleh paid an official visit to Niger with Abdullah al-Thani, "Prime Minister" of the non-recognised government of Tobruk, even though Resolution 2259(2015) calls for the ceasing of support to and official contact with parallel institutions which claim to represent the legitimate authority but are not parties to the Agreement. | 1.4.2016 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 17. | GHWELL, Khalifa<br><br>a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa<br><br>AL-GHAWAIL, Khalifa | d.o.b. 1 January 1956<br><br>Place of birth: Misurata, Libya<br><br>Nationality: Libya<br><br>Passport: A005465 (Libya), issued 12 April 2015, expires 11 April 2017 | Khalifa Ghwell was the so-called "Prime Minister and Defence Minister" of the internationally unrecognised General National Congress ("GNC") (also known as the "National Salvation Government"), and as such was responsible for their activities.<br><br>On 7 July 2015 Khalifa Ghwell showed his support for the Steadfastness Front (Alsomood), a new military force of 7 brigades to prevent a unity government from forming in Tripoli, by attending the signing ceremony to inaugurate the force with GNC "President" Nuri Abu Sahmain.<br><br>As GNC "Prime Minister", Ghwell has played a central role in obstructing the establishment of the GNA established under the Libya Political Agreement.<br><br>On 15 January 2016, in his capacity as the Tripoli GNC's "Prime Minister and Minister of Defence", Ghwell ordered the arrest of any members of the new Security Team, appointed by the Prime Minister Designate of the Government of National Accord, who set foot in Tripoli.<br><br>On 31 August 2016 he ordered the "Prime Minister" and the "Defence Minister" of the "National Salvation Government" to return to work after the HoR had rejected the GNA. | 1.4.2016 |
| 18. | ABU SAHMAIN, Nuri<br><br>a.k.a. BOSAMIN, Nori<br><br>BO SAMIN, Nuri | d.o.b. 16.5.1956<br><br>Place of birth: Zouara/Zuwara, Libya | Nuri Abu Sahmain used to be the so-called "President" of the internationally unrecognised General National Congress ("GNC") (also known as the "National Salvation Government"), and as such is responsible for their activities.<br><br>As GNC "President", Nuri Abu Sahmain has played a central role in obstructing and opposing the Libyan Political Agreement and the establishment of the Government of National Accord ("GNA").<br><br>On 15 December 2015 Sahmain called for the postponement of the Libya Political Agreement scheduled to be agreed at a meeting on 17 December.<br><br>On 16 December 2015 Sahmain issued a statement that the GNC did not authorise any of its members to participate in the meeting or sign the Libya Political Agreement.<br><br>On 1 January 2016 Sahmain rejected the Libyan Political Agreement in talks with the United Nations Special Representative. | 1.4.2016' |

L 268/88 EN Official Journal of the European Union 1.10.2016

'*ANNEX IV*

**LIST OF PERSONS AND ENTITIES REFERRED TO IN ARTICLE 9(2)**

A. Persons

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 21. | SALEH ISSA GWAIDER, Agila | d.o.b. 1 June 1942<br><br>Place of birth: Elgubba, Libya.<br><br>Passport: D001001 (Libya), issued 22 January 2015. | Agila Saleh has been the President of the Libyan House of Representatives since 5 August 2014.<br><br>On 17 December 2015 Saleh stated his opposition to the Libya Political Agreement signed on 17 December 2015.<br><br>As the President of the Council of Deputies, Saleh has obstructed and undermined the Libyan political transition, including by refusing several times to call a vote on the Government of National Accord ("GNA").<br><br>On 23 August 2016, Saleh addressed a letter to the Secretary-General of the United Nations, in which he criticised the United Nations' support to the GNA which he described as the imposition "of a group of individuals on the Libyan people (...) in breach of the Constitution and the United Nations Charter". He criticised the adoption of United Nations Security Council Resolution 2259(2015) which endorsed the Skhirat Agreement, and he threatened to bring the United Nations, which he holds responsible for "unconditional and unjustified" support to an incomplete Presidency Council, as well as the UN Secretary-General, before the International Criminal Court for violating the UN Charter, the Libyan Constitution and the sovereignty of Libya. Those statements undermine the support for mediation by the UN and the UN Support Mission in Libya (UNSMIL), as expressed by all relevant UN Security Council Resolutions, notably Resolution 2259(2015).<br><br>On 6 September 2016, Saleh paid an official visit to Niger with Abdullah al-Thani, "Prime Minister" of the non-recognised government of Tobruk, even though Resolution 2259(2015) calls for the ceasing of support to and official contact with parallel institutions which claim to represent the legitimate authority but are not parties to the Agreement. | 1.4.2016 |

1.10.2016 EN Official Journal of the European Union L 268/89

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 22. | GHWELL, Khalifa<br><br>a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa<br><br>AL-GHAWAIL, Khalifa | d.o.b. 1 January 1956<br><br>Place of birth: Misurata, Libya<br><br>Nationality: Libya<br><br>Passport: A005465 (Libya), issued 12 April 2015, expires 11 April 2017 | Khalifa Ghwell was the so-called "Prime Minister and Defence Minister" of the internationally unrecognised General National Congress ("GNC") (also known as the "National Salvation Government"), and as such was responsible for their activities.<br><br>On 7 July 2015 Khalifa Ghwell showed his support for the Steadfastness Front (Alsomood), a new military force of 7 brigades to prevent a unity government from forming in Tripoli, by attending the signing ceremony to inaugurate the force with GNC "President" Nuri Abu Sahmain.<br><br>As GNC "Prime Minister", Ghwell has played a central role in obstructing the establishment of the GNA established under the Libya Political Agreement.<br><br>On 15 January 2016, in his capacity as the Tripoli GNC's "Prime Minister and Minister of Defence", Ghwell ordered the arrest of any members of the new Security Team, appointed by the Prime Minister Designate of the Government of National Accord, who set foot in Tripoli.<br><br>On 31 August 2016 he ordered the "Prime Minister" and the "Defence Minister" of the "National Salvation Government" to return to work after the HoR had rejected the GNA. | 1.4.2016 |
| 23. | ABU SAHMAIN, Nuri<br><br>a.k.a. BOSAMIN, Nori<br><br>BO SAMIN, Nuri | d.o.b. 16.5.1956<br><br>Place of birth: Zouara/Zuwara, Libya | Nuri Abu Sahmain used to be the so-called "President" of the internationally unrecognised General National Congress ("GNC") (also known as the "National Salvation Government"), and as such is responsible for their activities.<br><br>As GNC "President", Nuri Abu Sahmain has played a central role in obstructing and opposing the Libyan Political Agreement and the establishment of the Government of National Accord ("GNA").<br><br>On 15 December 2015 Sahmain called for the postponement of the Libya Political Agreement scheduled to be agreed at a meeting on 17 December.<br><br>On 16 December 2015 Sahmain issued a statement that the GNC did not authorise any of its members to participate in the meeting or sign the Libya Political Agreement.<br><br>On 1 January 2016 Sahmain rejected the Libyan Political Agreement in talks with the United Nations Special Representative. | 1.4.2016' |

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2016/1755 НА СОВЕТОТ

**од 30 септември 2016 година**

**за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европска унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот од Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 јули 2015 година, Советот ја донесе Одлука (ЗНБП) 2015/1333 ([1]).

(2) На 31 март 2016 година Советот ја донесе Одлука (ЗНБП) 2016/478 ([2]) со додавање на три лица за период од шест месеци на списокот на лица предмет на рестриктивни мерки како што е одредено во Анекси II и IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333.

(3) Во однос на сериозноста на состојбата, Советот одлучи дека рестриктивните мерки треба да продолжат да се применуваат за дополнителен период од шест месеци и дека причините за наведување во список за три лица треба да се изменат.

(4) Затоа, Одлука (ЗНБП) 2015/1333 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлука (ЗНБП) 2015/1333 се изменува како што следува:

(1) во член 17, ставови 3 и 4 се заменуваат со следното:

„3. Мерките наведени во член 8(2) се применуваат во поглед на внесовите со број 16, 17 и 18 во Анекс II до 2 април 2017 година.

4. Мерките наведени во член 9(2) се применуваат во поглед на внесовите со број 21, 22 и 23 во Анекс IV до 2 април 2017 година.“;

(2) Анекси II и IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333 се изменуваат како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службен весник на Европската Унија.*

Брисел, 30 септември 2016 година.

*За Советот*

*Претседател*

М. ЛАЈЧАК

---

[1] Одлука (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлука 2011/137/ЗНБП (Сл. весник L 206, 1.8.2015 година, стр.34).,

[2] Одлука (ЗНБП) 2016/478 на Советот од 31 март 2016 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија (Сл. весник L 85, 1.4.2016 година, стр.48).

АНЕКС

Внесовите во однос на лицата наведени подолу, како што е одредено во Анекси II и IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333, се заменуваат со следните внесови:

„*АНЕКС II*

**СПИСОК НА ЛИЦА И СУБЈЕКТИ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 8(2)**

А. Лица

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување на списокот |
|---|---|---|---|---|
| 16. | SALEH ISSA GWAIDER, Agila | датум на раѓање 01 јуни 1942<br>Место на раѓање: Елгуба Либија<br>Пасош: D001001 (Либија), издаден на 22 јануари 2015 година. | Agila Saleh е претседател на Застапничкиот дом на Либија од 5 август 2014 година.<br>На 17 декември 2015 година Saleh го изрази своето противење во однос на Либискиот политички договор потпишан на 17 декември 2015 година.<br>Како претседател на Советот на застапници, Saleh ја попречувал и ја поткопувал либиската политичка транзиција, помеѓу другото со повеќекратно одбивање да организира гласање за Влада на национално единство (ВНЕ).<br>На 23 август 2016 година, Saleh испратил писмо до Генералниот секретар на Обединетите нации, во кое ги критикува Обединетите нации за укажување поддршка на ВНЕ која тој ја опишува како наметнување „на група поединци на либискиот народ (...) при тоа кршејќи го Уставот и Повелбата на Обединетите нации“. Тој го критикувал усвојувањето на Резолуција 2259 (2015) на Советот за безбедност на Обединетите нации, со која се одобрува Договорот од Скират (Skhirat | 1.4.2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Agreement) и се заканил дека ќе поднесе тужба против Обединетите нации, бидејќи ги смета за одговорни за „безусловната и неоснована“ поддршка за некомплетниот Претседателски совет, како и против Генералниот секретар на Обединетите нации, пред Меѓународниот кривичен суд за прекршување на Повелбата на ОН, либискиот Устав и суверенитетот на Либија. Овие изјави ја поткопуваат поддршката за посредување од страна на ОН и Мисијата за поддршка на ОН во Либија (UNSMIL), која беше изразена во сите релевантни резолуции на Советот за безбедност на ОН, особено Резолуција 2259 (2015).<br>На 6 септември 2016 година, Saleh бил во официјална посета на Нигер со Abdullah al-Thani, „Премиер“ на непризнаената Влада на Tobruk, иако Резолуцијата 2259 (2015) повикува на прекин на поддршката и официјалните контакти со паралелните институции, кои тврдат дека ја претставуваат законската власт, но не се страни во Договорот. | |
| 17. | GHWELL, Khalifa<br>a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa<br>AL-GHAWAIL, Khalifa | датум на раѓање 01 јануари 1956<br>Место на раѓање: Мисурата, Либија<br>Националност: Либија<br>Пасош: A005465 (Либија), издаден на 12 | Khalifa Ghwell бил таканаречениот „Премиер и Министер за одбрана“ на меѓународно непризнаениот Општ национален конгрес (ОНК) (исто така познат како „Влада за национален спас“) и во тоа својство е одговорен за неговите активности.<br>На 7 јули 2015 година Khalifa Ghwell ја покажал својата поддршка за Steadfastness Front (Alsomood), нова воена сила | 1.4.2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | април 2015 година, истекува на 11 април 2017 година. | составена од 7 бригади со цел да се спречи формирањето на влада на единство во Триполи, со своето присуство, заедно со претседателот на ОНК Nuri Abu Sahmain, на церемонијата на потпишување по повод формирањето на споменатата воена сила.<br><br>Како „Премиер“ на ОНК, Ghwell има централна улога за попречување на создавање на ВНЕ утврдена согласно Либискиот политички договор.<br><br>На 15 јануари 2016 година, во својство на „Премиер и Министер за одбрана“ на ОНК утврден во Триполи, Ghwell нареди да биде уапсен секој член на новиот Тим за безбедност, именуван од вршителот на должноста Премиер на Владата на националното единство, кој ќе дојде во Триполи.<br><br>На 31 август 2016 година, тој нареди „Премиерот“ и „Министерот за одбрана“ на Владата за национален спас да се вратат на работа откако Застапничкиот дом ја одбил ВНЕ. | |
| 18. | ABU SAHMAIN, Nuri<br>a.k.a.<br>BOSAMIN, Nori<br>BO SAMIN, Nuri | датум на раѓање 16.5.1956<br><br>Место на раѓање: Зоуара/Зуара, Либија | Nuri Abu Sahmain бил таканаречениот „Претседател“ на меѓународно непризнаениот Општ национален конгрес (ОНК) (исто така познат како „Влада за национален спас”) и во тоа својство е одговорен за неговите активности.<br><br>Како „Претседател“ на ОНК; Nuri Abu Sahmain има централна улога за спречување и противење на Либискиот политички договор и на | 1.4.2016“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | создавањето на Владата на национално единство (ВНЕ).<br>На 15 декември 2015 година, Sahmain повикал за одложување на Либискиот политички договор кој бил закажан да се усвои на состанок на 17 декември.<br>На 16 декември 2015 година дал изјава дека ОНК не му одобрил на ниту еден член да учествува на состанокот или да го потпише Либискиот политички договор.<br>На 1 јануари 2016 година Sahmain, во преговори со Специјалниот претставник на Обединетите нации, го отфрлил Либискиот политички договор. | |

„*АНЕКС IV*

## СПИСОК НА ЛИЦА И СУБЈЕКТИ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 9(2)

А. Лица

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување на списокот |
|---|---|---|---|---|
| 21. | SALEH ISSA GWAIDER, Agila | датум на раѓање 01 јуни 1942<br>Место на раѓање: Елгуба, Либија<br>Пасош: D001001 (Либија), издаден на 22 јануари 2015 година. | Agila Saleh е претседател на Застапничкиот дом на Либија од 5 август 2014 година.<br>На 17 декември 2015 година Saleh го изрази своето противење во однос на Либискиот политички договор потпишан на 17 декември 2015 година.<br>Како претседател на Советот на застапници, Saleh ја попречувал и ја поткопувал либиската политичка транзиција, помеѓу другото со повеќекратно одбивање да организира гласање за Влада на национално единство | 1.4.2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | (ВНЕ).<br><br>На 23 август 2016 година, Saleh испратил писмо до Генералниот секретар на Обединетите нации, во кое ги критикува Обединетите нации за укажување поддршка на ВНЕ која тој ја опишува како наметнување „на група поединци на либискиот народ (...) при тоа кршејќи го Уставот и Повелбата на Обединетите нации“. Тој го критикувал усвојувањето на Резолуција 2259 (2015) на Советот за безбедност на Обединетите нации, со која се одобрува Договорот од Скират (Skhirat Agreement) и се заканил дека ќе поднесе тужба против Обединетите нации, бидејќи ги смета за одговорни за „безусловната и неоснована“ поддршка за некомплетниот Претседателски совет, како и против Генералниот секретар на Обединетите нации, пред Меѓународниот кривичен суд за прекршување на Повелбата на ОН, либискиот Устав и суверенитетот на Либија. Овие изјави ја поткопуваат поддршката за посредување од страна на ОН и Мисијата за поддршка на ОН во Либија (UNSMIL), која беше изразена во сите релевантни резолуции на Советот за безбедност на ОН, особено Резолуција 2259 (2015).<br><br>На 6 септември 2016 година, Saleh бил во официјална посета на Нигер со Abdullah al-Thani, „Премиер“ на непризнаената Влада на Tobruk, иако Резолуцијата 2259 (2015) повикува на прекин на поддршката и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | официјалните контакти со паралелните институции, кои тврдат дека ја претставуваат законската власт, но не се страни во Договорот. | |
| 22. | GHWELL, Khalifa<br>a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa<br>AL-GHAWAIL, Khalifa | датум на раѓање 01 јануари1956<br>Место на раѓање: Мисурата, Либија<br>Националност: Либија<br>Пасош: A005465 (Либија),издаден на 12 април 2015 година, истекува на 11 април 2017 година. | Khalifa Ghwell бил таканаречениот „Премиер и Министер за одбрана“ на меѓународно непризнаениот Општ национален конгрес (ОНК) (исто така познат како „Влада за национален спас“) и во тоа својство е одговорен за неговите активности.<br>На 7 јули 2015 година Khalifa Ghwell ја покажал својата поддршка за Steadfastness Front (Alsomood), нова воена сила составена од 7 бригади со цел да се спречи формирањето на влада на единство во Триполи, со своето присуство, заедно со претседателот на ОНК Nuri Abu Sahmain, на церемонијата на потпишување по повод формирањето на споменатата воена сила.<br>Како „Премиер“ на ОНК, Ghwell има централна улога за попречување на создавање на ВНЕ утврдена согласно Либискиот политички договор.<br>На 15 јануари 2016 година, во својство на „Премиер и Министер за одбрана“ на ОНК утврден во Триполи, Ghwell нареди да биде уапсен секој член на новиот Тим за безбедност, именуван од вршителот на должноста Премиер на Владата на националното единство, кој ќе дојде во Триполи.<br>На 31 август 2016 година, тој нареди „Премиерот“ и „Министерот за одбрана“ на | 1.4.2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Владата за национален спас да се вратат на работа откако Застапничкиот дом ја одбил ВНЕ. | |
| 23. | ABU SAHMAIN, Nuri<br>a.k.a.<br>BOSAMIN, Nori<br>BO SAMIN, Nuri | датум на раѓање 16.5.1956<br>Место на раѓање: Зоуара/Зуара, Либија | Nuri Abu Sahmain бил таканаречениот „Претседател“ на меѓународно непризнаениот Општ национален конгрес (ОНК) (исто така познат како „Влада за национален спас”) и во тоа својство е одговорен за неговите активности.<br>Како „Претседател“ на ОНК; Nuri Abu Sahmain има централна улога за спречување и противење на Либискиот политички договор и на создавањето на Владата на национално единство (ВНЕ).<br>На 15 декември 2015 година, Sahmain повикал за одложување на Либискиот политички договор кој бил закажан да се усвои на состанок на 17 декември.<br>На 16 декември 2015 година Sahmain дал изјава дека ОНК не му одобрил на ниту еден член да учествува на состанокот или да го потпише Либискиот политички договор.<br>На 1 јануари 2016 година Sahmain, во преговори со Специјалниот претставник на Обединетите нации, го отфрлил Либискиот политички договор. | 1.4.2016’ |